Република Северна Македонија
**Министерство за економија**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Ekonomisë**

# СТРАТЕШКИ ПЛАН
# 2020 – 2022 ГОДИНА

**Јануари, 2020**



Почитувани,

Ако појдеме од фактот дека секоја стратегија претставува начин на размислување, свесен и намерен процес за осигурување на идниот успех, кој подразбира и интензивен систем на имплементација, тогаш стратешкиот план на Министерството за економија за следните три години претставува рамка на приоритети, цели и активности, чија реализација ќе придонесе за развиена функционална економија, која ќе продуцира нови работни места, поголема ефикасност, продуктивност и конкурентност на компаниите, зголемување на извозот и пораст на инвестициите, повисок животен стандард и подобар живот за сите граѓани на Република Северна Македонија.

Министерството за економија, во рамки на своите надлежности работи на создавање на услови за развој на индустријата, на кластерингот, на вклучување на македонските компании во мрежата на глобални добавувачки ланци, креира мерки и активности за создавање на развиен претприемачки сектор, интеграција на националниот пазар во единствениот пазар на ЕУ, предлага политики за обезбедување на енергетска стабилност и сигурност, за истражување и одржливо искористување на минералните суровини, за развој на туризмот и угостителството, преку подобрување на стандардите и на туристичката понуда.

Низ постојан дијалог со бизнис секторот и деловните здруженија, со државните институции кои се креатори и имплементатори на економските политики, со единиците на локална самоуправа, академската заедница и граѓаните зацртавме неколку цели на кои активно ќе работиме во наредниот период, преку нашите програми, проекти, мерки и активности.

Меѓу нив би ги издвоил: создавање на поволна деловна клима со политики за соработка со бизнис секторот, поддршка на домашните претпријатија, пред сѐ на малите и средните претпријатија, отворање на нови работни места преку нови инвестиции, развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија, поддршка на развојот на индустриско-преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност, подобрување на конкурентноста на туристичката понуда во земјата преку креирање на поволен бизнис амбиент и зголемена валоризација на културните и природните богатства, зголемување на бројот на туристи, раст на приходите од туризмот, со крајна цел зголемено учество на туризмот во вкупниот БДП на земјата.

Од аспект на планирање и одржливо искористување на природните богатства, меѓу целите се зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија и заштита на животната средина, либерализација на пазарот на електрична енергија и раст на инвестициите во енергетскиот сектор,

интегрирање на пазарите на електрична енергија со земјите од регионот и земјите членки на ЕУ, планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства.

Секако, би сакал да ги споменам и јакнењето на позицијата на Република Северна Македонија во меѓународната заедница и унапредување на трговската соработка на билатерален, регионален и мултилатерален план, олеснување на пристапот на меѓународните пазари на стоки и услуги, либерализација на трговијата и намалување на бариерите, како и ефикасно спроведување на правото во делот на заштита на потрошувачите.

Реализација на овие цели, кои се во согласност со утврдените стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија ќе придонесе во реализација на заложбите за посовремено, економски развиено општество со повисок животен стандард и задоволни граѓани.

**Министер за економија**

**Kreshnik Bekteshi**

## ВОВЕД

Стратешкиот план како среднорочен стратешки документ, тесно е поврзан со процесот на буџетско планирање и извршување за период од три години, претставува значаен инструмент на планирање и следење на спроведувањето на Програмите во надлежност на Министерството за економија. Изготвен врз основа на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2020 година, Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија и Националната Програма за усвојување на правото на Европската Унија.

## АНАЛИЗА НА СОСТОЈБА

### РЕЗИМЕ ОД СПРОВЕДЕНАТА ФУНКЦИОНАЛНА АНАЛИЗА ВО СЕКТОРИТЕ ПОВРЗАНИ СО ПОГЛАВЈАТА НА ЕУ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА

Формирањето и надлежностите на Министерството за економија се уредени согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа(„Службен весник на РМ број 58/00, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011).Согласно овој закон, во состав на Министерството за економија се и следниве органи: Управата за наменско производство, Државниот пазарен инспекторат и Државниот инспекторат за техничка инспекција.

Во периодот на примена на Законот за државните службеници („Службен весник на РМ59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003, 17/2004, 69/2004, 81/2005, 61/2006, 36/2007, 161/2008, 06/2009, 114/2009, 35/2010, 167/2010,35/2011 06/2012, 24/2012, 15/2013, 82/2013 и 106/2013), статусот, правата и должностите на вработените во Министерството за економија беа регулирани токму со овој Закон, како и со Законот за работните односи („Службен весник на РМ број 62/05,106/08, 161/08, 114/09,130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13,187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15 и 129/15).

Со отпочнувањето на примената на Законот за административните службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015 и 154/2015) и член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 27/2014 и 199/2014) се пропишува обврскатаза органите за изготвување на акти за внатрешна организација и акти за систематизација на работните места врз основа на функционална анализа, а истото се однесува и на постапката за изменување и дополнување на веќе донесените акти за внатрешна организација и систематизација.

Министерството за економија постапувајќи по цитираните законски одредби донесе Правилник за внатрешна организација и работа на Министерството за економија, број 04-3665/2 од 27.05.2015 година, како и Правилник за систематизација на работните места во Министерството за економија бр. 04-3665/3 од 27.05.2015 година, со кој е намален бројот на Одделенијата и работните места од предходната систематизација, а добар дел од одделенијата како и звањата на вработените се споија за да можат обврските и задачите непречено да се извршуваат. Меѓутоа, во

секојдневното работење се покажа дека овие одделенија тешко функционираат и немаат доволно капацитет ефикасно и ефективно да ги вршат задачите поради обемот и специфичноста на работата.

Намалени се 9 Одделенија и вкупно 60 работни места и тоа:

- 1 (едно) Одделение во Правен Сектор
- 1 (едно) Одделение во Сектор за европска интеграција
- 1 (едно) Одделение во Сектор за внатрешен пазар
- 1 (едно) Одделение во Сектор за меѓународно – трговска соработка
- 2 (две) Одделенија во Сектор за енергетика
- 1 (едно) Одделение во Сектор за минерални суровини
- 1 (едно) Одделенија во Сектор за индустриска политика

Во Министерството за економија и Управа за наменско производство како орган во состав на министерството, во период од 2015 година до 2018 година работниот однос им престанал на 25 лица (по основ на престанок по барање, спогодбено, пензионирање и т.н). Поради исполнување на законските одредби, Министерството за економија , на 14 Јуни, 2018 год. донесе нов Правилник за организација бр. 04-3777/3, и Правилник за систематизација на работни места бр. 04-3777/2 со кои што дополнително се намали бројот на вработените за 14 вработени.

Освен тоа што претставува законска обврска, изготвувањето на функционална анализа во Министерството за економија се врши и од потребата од можна ревизија на донесените акти за внатрешна организација и систематизација, детектирање на евентуалните проблеми и потешкотии во извршувањето на надлежностите од делокругот на организационите единици, поради измена на голем број на законски и подзаконски прописи од кои ги црпи своите надлежности Министерството за економија, Со последните измени на Законот за вработените во јавниот сектор, "Службен весник на РСМ" бр. 198 од 31.10.2018 година, во членот 17 ставот (4) се менува и гласи " (4) Институциите ги донесуваат актите од ставот (3) на овој член по спроведена функционална анализа, базирана на докази. Во институцијата во која заради процесот на интегрирање на Република Северна Македонија во Европската Унија, односно заради преземени обврски од ЕУ проекти има потреба од систематизирање на повеќе работни места отколку што е утврдено во ставот (5) на овој член, бројот на систематизирани работни места се утврдува согласно со функционалната анализа, одобрена од Министерството за информатичко општество и администрација и од органот надлежен за буџет".

Бидејќи Министерството за економија е **носител на 7 од вкупно 33 поглавја** на Европското законодавство и кон кои има обврски кои произлегуваат од веќе започнатиот Скрининг процес а се со цел навреме да се исполнат барањата на Европската Комисија и хармонизирање на нашите закони со Европското Законодавство, потребно е Министерство за

Економија да ги врати укинатите одделенија како и да ги зајакне човечките капацитети во истите и по потреба да отвори нови одделенија или сектори.

Преку функционалната анализа во Министерството за економија ќе се добијат одредени резултати за тоа колку вработените се запознаени со надлежностите на организацијата во којашто работат, со организационата структура на истата, како и ќе се добијат сознанија за евентуални потешкотии и проблеми со коишто се соочуваат вработените и предлози за нивно решавање.

Што е крајната цел на функционалната анализа во Министерството за економија и кои се понатамошните чекори?

Целта на Функционалната Анализа е двократна: првично од потребата да се определат главните прашања во организацијата, а потоа и да се предложат конкретни мерки за подобрување на перформансите на институцијата, во секторите кои што се директно поврзани со поглавјата на Европското законодавство.

Крајната цел на Функционалната Анализа во Министерството за економија е да се утврди потребата од евентуални промени во внатрешната поставеност и извршувањето на работните процеси што се поврзуваат со поглавјата. Анализата посочува како овие организациони единици во Министерството за економија функционираат, како и на нивната ефикасност и ефективност во извршување на сопствените надлежности.

Добиените резултати од спроведената Функционална Анализа иницираат конкретни препораки кои ќе бидат презентирани пред раководството на Министерството за економија и нивната примена ќе придонесе за подобрување на работниот процес на овие сектори.

**Методологија**

**Изготвување на акциски план (прилог 1)** – По првичниот работен состанок на Работната група за преземање на активности за изготвување на функционална анализа во Министерството за економија ,изготвен е акциски план кој ги содржи следниве елементи: краток опис, учесници во изработката на Функционалната Анализа и предвиден период за реализација на добиените резултати и препораки.

**Анализа на документи** - Извршена е анализа на најзначајните документи како што се Правилник за внатрешна организација и работа и Правилникот за систематизација на работните места, законски и подзаконски прописи и интерни процедури со кои се регулира надлежноста на секторите,како и работните задачи на вработените во овие сектори.

**Изработка на прашалник** – Тимот за функционална анализа состави прашалник, кој го прилагоди согласно со анализата на документите и надлежностите на институцијата поврзани со поглавјата коишто произлегуваат од законски прописи и од директивите на Европската Комисија.

**Анализа на прашалниците**– До вработените во секторите поврзани со поглавјата на ЕУ лично беа доставени 39 прашалници, од кои беа вратени 36 пополнети прашалници .

**Матрица со преглед на надлежности** – Вршењето на надлежностите во Министерството за економија е утврдено согласно извештаите за извршување на надлежностите во организационите единици.

**Интервјуа со вработени** – Беа спроведени интервјуа со 15 вработени, од вкупниот број 69, во Министерството за економија, секторите кои што се поврзани со поглавјата на ЕУ ( Покрај раководните државни службеници, интервјуирани беа и вработени со долгогодишно искуство и кои се во организацијата од самиот почеток и добро ги познаваат состојбите во институцијата и нејзините потреби. Целта на интервјуата беше да се соберат дополнителни информации за начинот на кој вработените гледаат на извршувањето на функциите, компетенциите кои ги поседуваат, понудените просторни и работни услови, работната атмосфера и релациите на колегијалниот и професионалниот однос на вработените.

**Наоди и препораки**

Во наодите е дадено подетално образложение за секој сектор во врска со потребата за проширување (враќање) на одделенијата , нивно зајакнување со човечки ресурси како и препораки за понатамошните чекори што треба да се превземат за поефективно и поефикасно работење на секторите со цел остварување на планираните активности и остварување на прогрес во усогласувањето на националното законодавство со законодавството на ЕУ во согласност со ССА и приоритети од НПАА во делот на поглавјата чиј што носител е Министерството за економија.

Специфичност на функционалната анализа во Министерството за економија

Надлежностите на Министерството за економија се детерминираат преку анализа на законските и подзаконските акти, како и преку годишните планови и програми за работа на организационите единици (за одредени области за кои се донесени) и одреден број на интерни процедури). Во поглед на исполнувањето на одредените надлежности и работни задачи како параметри се користени и извештаи за извршување.

Активното учество во изготвувањето на Функционалната Анализа од страна на Работната група за преземање на активности за изготвување на Функционална Анализа во Министерството за економија,формирана со Решение број 04- 542/1 од 16.01.2018 година, донесено од страна на Министерот за економија беше од исклучително значење за реализација на целта кон која води оваа алатка, односно ефикасноста и ефективноста.

Неопходно е да се напомене дека професионалната, отворената и срдечна соработка со раководните лица во Секторитр, посочува дека учеството во изготвувањето на функционалната анализа во Министерството за економија истите не го сметаа за наметната дополнителна и законска обврска, туку како реална потреба за утврдување на состојбата со ефикасноста и ефективноста на организацијата при извршување на нејзините надлежности.

Надлежности на Министерството за економија, внатрешна организација и поделба на задачи

Основните обврски и задачи на вработените во Министерството за економија, во функција на вршење на надлежностите на министерството, се предвидени согласно член 20 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весникна РМ“ број 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010, 36/2011 и 51/2011) и тоа:

" следењето на состојбата и појавите на пазарот на стоки и услуги и влијанието на мерките на економската политика;

" следењето на економските, структурните и техничко-технолошките состојби и предлагање на мерки за остварување на развојната и тековната економска политика во областа на производството, трговијата, туризмот, угостителството и занаетчиството;

" преземањето мерки против монополската положба и монополското однесување;

" следењето на тековните материјални биланси и снабдувањето на граѓаните со основните прехранбени производи и други стоки за широка потрошувачка и на претпријатијата со суровини и репроматеријали;

" системот и политиката на цени на производи и услуги;

" подготвувањето програма за глобален материјален развој на човечките ресурси;

" индустриската сопственост;

" заштитата на потрошувачите;

" малите и средните претпријатија и занаетчиството;

" следењето на меѓународните стопански движења, како и нивното влијание врз економските односи на Република Северна Македонија;

" надворешно-трговското работење;

" геолошките истражувања и експлоатацијата на минералните суровини;

" енергетиката;

" примената на општите и техничките нормативи, прописи и стандарди;

" метрологијата;

" надзорот од негова надлежност и

" врши други работи утврдени со закон.

Надлежностите на Министерството за економија меѓу другото се детерминирани и во следните законски прописи:

• Закон за организација и работа на органите на државната управа, Закон за јавните претпријатија, Закон за тутун и тутунски производи, Закон за електронска, Закон за угостителската дејност, Закон за туристичката дејност, Закон за заштита на потрошувачите, Закон за безбедност на производите, Закон за градежните производи, Закон за стечај и

ликвидација, Закон за занаетчиство, Закон за возила, Закон за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, Закон за трговските друштва, Закон за минерални суровини, Закон за трговија, Закон за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба, Закон за инспекциски надзор, Закон за концесии и јавно приватно партнерство, Закон за концесии , Закон за државен пазарен инспекторат, Закон за техничката инспекција , Закон за енергетика, Закон за општата управна постапка, Закон за технолошки индустриските развојни зони и Закон за индустриски зелени зони.

Во Министерството за економија задачите се извршуваат согласно интерните работни процедури согласно меѓународниот стандард за квалитет ИСО 9001:2015.

Задачите и обврските на вработените во Министерството за економија се утврдени во Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за економија бр. 04-3777/2 од 14.06.2018 година.

Министерството за економија согласно донесените акти за внатрешна организација и систематизација, а со цел ефикасно извршување на законските надлежности е организирана во тринаесет (13) сектори и две независни одделенија. Десет (10) сектори ги извршуваат основните надлежности предвидени со Законот за организација и работа на органите на државната управа, а три (3) сектори и двете самостојни одделенија, овозможуваат поддршка на сите сектори во МЕ.

## МИСИЈА

Министерството за економија работи на создавање на услови за развој на индустријата, на кластерингот и вклучување на македонските компании во мрежата на глобални добавувачки ланци, развиен претприемачки сектор, креирање и интеграција на единствен пазар во ЕУ, обезбедување енергетска стабилност и сигурност, истражување, екплоатација и одржливо искористување на минералните суровини, развој на туризмот со подобрување на стандардите на туристичката понуда.

## ВИЗИЈА

Република Северна Македонија со развиена функционална економија, која ќе продуцира нови работни места, поголема ефикасност, продуктивност и конкурентност на компаниите, зголемување на извозот и пораст на инвестициите, повисок животен стандард и подобар живот за сите граѓани на Република Северна Македонија.

## ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА

Задачите и обврските на Министерството за економиј, согласно надлежностите утврдени со Закон се однесуваат на:

- Предлагање на проактивна индустриска политика за зголемување на конкурентноста на индустриското производство и развој на одделни сектори од индустријата;
- Поттикнување на инвестициите преку подобрување на инвестиционата клима
- Зголемување на регулацијата на внатрешниот пазар и ценовна либерализација, следење на движењата и состојбите на пазарот на стоки и услуги и влијанието на мерките на економската политика врз движењата на пазарот и односите на пазарот; снабдувањето на пазарот со прехранбени и други производи за широка потрошувачка , надзор над пазарот и заштита на потрошувачите и нивните права;
- Развој на енергетскиот сектор, зголемување на енергетската ефикасност и поттикнување на поголемо искористување на обновливите извори на енергија, конкурентност, сигурност на снабдување со енергија и заштита на животната средина;
- Поттикнување на претприемништвото и развој на малите и средните претпријатија и занаетчиството ;
- Создавање на услови за зголемување на извозот преку интензивна извозна промоција ,мултилатерална и билатерална соработка, либерализиран трговски режим и создавање на соодветна регулаторна рамка во согласност со стандардите на ЕУ и барањата на СТО;
- Искористување на минералните и неминерални природни ресурси;
- Развој и промоција на туризмот и угостителството;
- Управен надзор и други управни работи утврдени со Закон;
- Развој и поттикнување на општествена одговорност;
- Координација на странска помош и Програмите на Заедницата (КОСМЕ)

## СПЕЦИФИЧНОСТИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА

Министерството за економија според надлежностите утврдени со Закон, по својата Мисија и утврдена Визија предлага и реализира програми и проекти кои се однесуваат на развојот на повеќе витални економски сектори како што се индустријата, енергетиката, искористувањето на минералните суровини, туризмот, претприемништвото,трговијата, внатрешниот пазар и заштитата на потрошувачите, активностите за европска интеграција. Со тоа е одредена специфичноста на Министерството за економија за зголемено учество на хоризонтални програми и проекти во споредба со другите органи на државната управа. Хоризонталниот пристап истовремено е и интернационализиран. Тој треба да комуницира и со среднорочните стратегии на Европската унија, обезбедувајќи национален пристап. Тоа од друга страна ја истакнува потребата од постојано унапредување на интер и интра ресорска координација, соработка со бизнис заедницата, органите на локалната самоуправа, стопанските комори и научните институции.


МИНИСТЕР
ЗАМЕНИК НА МИНИСТЕРОТ
ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
НЕЗАВИСНИ ОРГАНИ-ЗАЦИОНИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ
СЕКТОР ЗА КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА МИНИСТЕРОТ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ТЕХНИЧКА ПОМОШ НА МИНИСТЕРОТ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНИКАЦИЈА,ПРОТОКОЛ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА –
СЕКТОР ЗА ПРАВНИ РАБОТИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРЕКРШОЦИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СУДСКИ И УПРАВНИ ПОСТАПКИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СТЕЧАЈ, ПРИВАТИЗАЦИЈА, ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО, КОНЦЕСИИ И ТРГОВСКИ ДРУШТВА И ИНТЕЛЕКТУАЛНА
СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВРАБОТУ-ВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ, МОБИЛНОСТ И ПРАВА ОД РАБОТЕН ОДНОС
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МОТИВА-ЦИЈА, ОЦЕНУВАЊЕ,СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ И УСОВРШУВАЊЕ, СЛУЖБЕНИЧКИ ОДНОС И
СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БУЏЕТСКА КООРДИНАЦИЈА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БУЏЕТСКА КОНТРОЛА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СМЕТКОВОД-СТВО И ПЛАЌАЊЕ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ
СЕКТОР ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ НА ТУРИЗМОТ И УГОСТИТЕЛСТВОТО
ОДД. ЗА ТЕКОВНО СЛЕДЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА, АНАЛИЗА И ВЛИЈАНИЕ НА АКТИВНОС-ТИТЕ ВО
СЕКТОР ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРЕГОВОРИ И ИНТЕГРАЦИЈА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРОГРАМИРАЊЕ,ТЕХНИЧК О СПРОВЕДУВАЊЕ,СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ИПА ПРОЕКТИТЕ И СЛЕДЕЊЕ НА БИЛАТЕ-РАЛНАТА И МЕЃУНАРОДНА СТРАНСКА
СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШЕН ПАЗАР
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МОТОРНИ ВОЗИЛА И ТЕХНИЧКИ ПРОПИСИ
СЕКТОР ЗА ИНФОРМАТИЧКА И КОМУНИКАЦИСКА ТЕХНОЛОГИЈА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНФОРМАЦИОНЕН СИСТЕМ И ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА
СЕКТОР ЗА ЕНЕРГЕТИКА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТИКА И АНАЛИЗА, РАЗВОЈ И ИНВЕСТИЦИОНИ ПРОЕКТИ ВО ЕНЕРГЕТИКАТА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФОСИЛНИ ГОРИВА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА
СЕКТОР ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА И АНАЛИЗА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ГЕОЛОГИЈА И ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА (ГИС)
СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНО-ТРГОВСКА СОРАБОТКА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МУЛТИЛАТЕРАЛНА ТРГОВСКА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БИЛАТЕРАЛНА ТРГОВСКА СОРАБОТКА
СЕКТОР ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И КОНКУРЕНТОСТА НА МСП
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И КОНКУРЕНТНОСТ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА (МСП)
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ НА КОНКУРЕНТНОСТ НА ЗАНАЕТЧИСТВОТО
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА ПРОИЗВОДСТВО И ПРОМЕТ НА ВООРУЖУВАЊЕ И ВОЕНА ОПРЕМА (ВВО)
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА ЕНЕРГЕТИКА
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА, КОНКУРЕНТНОСТ И ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА ВНАТРЕШЕН ПАЗАР
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЕВРОИНТЕГРАЦИИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА И
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ПРАВНИ РАБОТИ
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО, ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА МИНЕРАЛНИ
СЕКТОР ЗА ИНДУСТРИСКА И ИНВЕСТИЦИСКА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА И КОНКУРЕНТНОСТ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНВЕСТИЦИОНА ПОЛИТИКА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОЃШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ И ГРАДЕЊЕ ПАРТНЕРСТВА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НАМЕНСКО ПРОИЗВОДСТВО, ОДБРАНБЕНИ ПОДГОТОВКИ И КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ СО МЕНАЏМЕНТОТ НА КРИЗИ

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА

**Поддршка и развој на мали и средни претпријатија**

- Поддршка на домашните претпријатија, пред сè микро, малите и средните претпријатија, отворање на нови работни места со активни мерки за вработување и зголемување на нивото на платите во економијата
- Зголемување и подобрување на можноста за раст на микро, мали и средни претпријатија(ММСП)
- Динамичен екосистем на претприемништво и иновации
- Конкурентни мали и средни претпријатија како двигатели на инклузивниот економски раст

**Развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија**

- Спроведување на макроекономска политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијста и зголемување на вработеноста,
- Создавање на поволна деловна клима со политики за соработка со бизнис секторот, социјалните партнери, заштита на работнички права, недискриминација, зголемена ефикасност, транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава
- Зголемување и поддршка на развојот на индустриско-преработувачките капацитети кои че бидат извозно ориентирани и ќер создаваат производи со повисока додадена вредност, поддршка на индустриските капацитети кои ќе овозможат супституција на увозот
- Зголемување на економскиот раст и конкурентноста на индустријата на трајна основа,
- Унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност.

**Развој на туризмот и угосттителтвото во Република Северна Македонија**

- Подобрување на конкурентноста на туристичката понуда во земјата преку креирање на поволна бизнис клима и зголемена валоризација на културните и природните богатства
- Зголемување на бројот на домашни и странски туристи, раст на приходите од туризмот, со крајна цел зголемено учество на туризмот во вкупниот БДП на земјата.
- Зголемување на туристичката понуда и градење на препознатлив туристички имиџ со воведување на светски стандарди во туристичко-угостителските услуги.
- Унапредување на меѓународната туристичка соработка
- Поддршка на туристичките дестинации надвор од туристичка сезона
- Конкурентна бизнис клима за раст на бројот на мали и средни претпријатија и нови работни места од областа на туризмот и угостителството
- Натамошен развој на активниот туризам како потенцијал за силен локален економски развој.

**Планирање и одржливо искористување на природните богатства**

- Зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија и заштита на животната средина;
- Обезбедување енергетска сигурност и стабилност;
- Либерализација на пазарот на електрична енергија и раст на инвестициите во енергетскиот сектор;
- Зголемување на користењето на природниот гас и искористување на сончевата енергија во домаќинствата;
- Интегрирање на пазарите на електрична енергија со земјите од регионот и земјите членки на Европскта Унија;
- Истражување, екплоатација и одржливо искористување на минералните суровини;
- Планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства и развивање на институционалните капацитети,
- Унапредување на правната рамка од областа на минералните суровини.

**Креирање на единствен пазар–внатрешен пазар на Република Северна Македонија усогласено со целокупното законодавство на Европската Унија**

- Унапредување на заштитата на потрошувачите со натамошна хаРСМонизација на Законот за заштита на потрошувачите;
- Ефикасно спроведување на правото во делот на заштита на потрошувачите;
- Постигнување на поголема едуцираност на потрошувачите за остварување на нивните права, запознавање на трговците со правата и обврските и начинот на заштита на економските интереси;
- Зголемување на довербата на потрошувачите према трговците на стоки и услуги;
- Правна заштита на потрошувачите при склучување на договори за потрошувачки кредити како потрошувач
- Усогласување на националното техничко законодавство од областа на возилата со техничкото законодавство за возилата на ЕУ за регулирање на внатрешниот пазар, согласно ЕУ регулативата;

**Развивање на ефективна трговска политика**

- Создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава
- Јакнење на позицијата на Република Северна Македонија во меѓународната заедница и унапредување на односите и јакнење на соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план

- Олеснување на пристапот на меѓународните пазари на стоки и услуги преку склучување на Договори за слободна трговија и договори за трговска и економска соработка, либерализација на трговијата со стоки и услуги и идентификување и намалување на бариерите во трговијата во рамките на склучените договори

ПРИОРИТЕТИТЕ И ЦЕЛИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА ИМААТ ЕДНАКВО ЗНАЧАЊЕ

## ОСВРТ НА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2018/2019 ГОДИНА

### ПРОГРАМА 1: ПОДОБРУВАЊЕ НА ДЕЛОВНАТА КЛИМА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА

**Поддршка и развој на мали и средни претпријатија:**

- ✓ Реализирана е Мерката 1.1 Субвенционирање на трошоци на занаетчии ( Пристигнати се 27 апликации од кои 19 се одобрени и исплатени);
- ✓ Реализирана е Мерката 2–Финансиска поддршка за микро мали и средни претпријатија (Пристигнати се 191 апликации од кои 107 се одобрени и исплатени);
- ✓ Реализирана е Мерката3–Финансиска поддршка за женско претприемништво односно - субвенционирање на претпријатија во соспственост и управувани од жени (Пристигнати се 46 апликации од кои 16 се одобрени и исплатени);
- ✓ Реализирана е Мерката4-Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за сертификација нас системи за квалитет според ИСО стандарди ( Пристигнати се 24 апликации од кои 12 се одобрени и исплатени)
- ✓ Реализирана е Мерката 6-Кофинансирање на проекти за поддршка на МСП и промоција на претприемништвото (пристигнати се 10 апликации, со 7 се потпишани договори за реализација на проект и средствата се исплатени),
- ✓ Реализирана е Мерката 7-Кофинансирање на проекти за програмски активности на мрежите на бизнис ангели ( пристигната е 1 апликација и истата е кофинансирана со потпишување на договор)
- ✓ Реализирана е Мерката 11-Кофинансирање на претпријатија за дел од трошоците за купување на опрема инструменти алати кои ќе се користат за обука настава ( Јавниот повик заврши, пристигнати се 3 апликации, од нив 2 се кофинансирани),
- ✓ По Јавниот повик за Мерката 12-Кофинансирање на дел од трошоците за едукација на вработените лица нема пристигнати апликации,
- ✓ По Јавен повик за кофинансирање на трошоци за сертифицирање на ХАЛАЛ ( Мерка 5 ) пристигнати се 7 апликации и сите се субвенционирани,
- ✓ Реализирана е кофинансирање на трошоци за основање на 1 нов техноплошки парк ( Мерка 8) и кофинансирано е основањето на технолошки парк при еден од универзитетите,

- ✓ По Јавниот Повик за кофинансирање на трошоци за одобрени проекти по ЕУ програмите COSME (Мерка 9) нема апликации,
- ✓ За Јавниот повик за Финансиска поддршка на МСП за користење на консултантски услуги ( Мерка 10) имаше интерес од 3 апликанти од кои 1 е субвенциониран,
- ✓ Јавниот повик за финансиска поддршка на проекти за поддршка и промоција на занатечиството во РСМ ( Мерка 1.2) пристигнаа 5 апликации со 1 е потпишан договор за реализација на проект и средствата се исплатени;
- ✓ Во април 2018 усвоена е од Влада Националната стратегија за мали и среднио претпријатија (2018-2023) со Акциски План.
- ✓ Во ноември 2018 усвоена е од Влада Стратегијата за развој на женското претприемништво во Република Северна Македонија 2019 – 2023 со Акциски план.
- ✓ **Во 2019 година**:Реализирана е мерката 2.1. Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија ( пристигнати се 142 апликации, одобрени се 87 и истите се исплатени),
- ✓ Реализирана е мерката 2.2. Финансиска поддршка за женско претприемништво ( пристигнати се 38 апликации од кои одобрени и исплатени се 21),
- ✓ Реализирана е мерката 2.3. Субвенционирање на трошоци на занаетчии ( пристигнати се 45 апликации од кои одобрени и исплатени се 40),
- ✓ За останатите мерки од Програмата КИП 2019, дел А.Поддршка и развој на ММСП и занаетчии објавени се јавни повици кои се во тек и траат до 16.09.2019г.
- ✓ Реализирана е мерката 1.1. Кофинансирање на проекти на занаетчиските комори за развој и промоција на занаетчиството во РМ ( пристигнати се 8 апликации од кои одобрени и исплатени се 7),
- ✓ Реализирана е мерката 1.2. Кофинансирање на проекти за развој и поддршка на МСП и промоција на претприемништвото во РМ ( пристигнати се 16 апликации од кои одобрени и исплатени се 12),
- ✓ Реализирана е мерката 3.1. Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за сертификација на системи за квалитет според ISO стандарди ( пристигнати се 24 апликации од кои одобрени и исплатени се 19),
- ✓ Реализирана е мерката 3.2. Финансиска поддршка за сертифицирање на ХАЛАЛ систем ( пристигнати се 12 апликации и сите се одобрени и исплатени),
- ✓ Реализирана е мерката 3.3. Финансиска поддршка на ММСП за учество на домашни и меѓународни саеми ( пристигнати се 18 апликации од кои одобрени и исплатени се 5),

- ✓ Реализирана е мерката 4.1. Кофинансирање на дел од трошоците на претпријатија за купување на опрема, инструменти, алат кои ќе послужат и ќе се користат исклучиво за обука, настава на лица за стекнување на вештини и квалификации ( пристигнати се 14 апликации од кои одобрени и исплатени се 13)
- ✓ Реализирана е мерката 4.2. Кофинансирање на дел од трошоците за едукација на вработените лица во ММСП ( пристигнати се 3 апликации од кои сите се одобрени и исплатени).
- ✓ Реализирана е Јавна набавка за изработка на Анализа на парафискалните давачки кај ММСП.

**Развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија**:
Во 2018 година и првата половина на 2019 година се реализираа активности за ревизија и усвојување на стратешкиот документ индустриска политика, со акцискин план за 2019-2020 и е базирано на анализа на искуствата на претходниот документ, новите приоритети на Владата и новите комуникации на ЕУ за индустриска политика. Овие активности беа реализирани во рамки на проект за Ревизија на индустриската политика, кој е поддржан од Европската делегација. Во рамки на овој проект се поддржа иницијативата за воспоставување на систем за мониторинг и евалуација, надградба на веб страната www.konkurentnost.mk, како и поддршка на кластерските политики и здруженија.
Индустриската политика се фокусира на преработувачката индустрија и ја има следната Визија: "Да се промовира индустријализацијата преку стимулирање на растот и развојот на производствениот сектор, со цел да се зголеми продуктивноста, да се создадат добри работни места, да се зголемат приходите и да се зајакне човечкиот капитал, истовремено решавајќи ги предизвиците на циркуларната економија".
Визијата ќе се постигне преку фокусирање на петте Стратешки цели, вклучувајќи го и меѓусекторскиот елемент, за хоризонталните аспекти на имплементацијата и координацијата. Фокусот е на зајакнување на производствената база, зголемување на продуктивноста и иновативноста и трансфер на технологии, катализирање на зелена индустрија, поттикнување на производството и создавање на производствен сектор во кој се учи.
Индустриската политика треба да претставува еден од клучните документи на интегрирана политика која води кон зголемување на конкурентноста на економијата на долг рок, базирана на знаење и иновации, преку јасно поставување на општо прифатена визија, координација меѓу институциите, дефинирање на клучните области за интервенција и конкретни мерки.
Во 2018 и 2019 година се реализира Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво. Во делот на Имплементација на индустриската политика, беа поддржани деловните субјекти во функција на зголемување на нивната конкурентност (поддршка преку надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за развој на деловниот субјект, развој на производ, развој на пазар), специјализирани длабински обуки и друго.

Во 2018 и 2019 година се реализираше соработка со проекти од донатори поврзани со индустриска политика и развој на приватен сектор (Проект на Светска Банка –Скилс, Проект за имплементација на ЈИЕ Стратегијата 2020 – Работна група за индустриска политика, Проектот на ГИЗ за Поглавје 20 – Претпријатија и индустриска политика, соработка со ЕК – Заеднички Истражувачки Центар за паметна специјализација и др.)

Спроведувањето на Стратегијата за ЈИЕ 2020, во текот на 2018 и 2019 година има остварено значаен напредок кон остварување на утврдените таргети во рамки на сите 5 столбови, преку фокусирани напори од страна на голем број чинители на национално и регионално ниво.

Усвоен е Повеќегодишен акциски план (МАП) за формирање на регионална економска област на ЗБ6, како заедничка основа за унапредување на економската соработка во Западен Балкан. Имплементацијата на активностите во МАП има за цел да ја промовира трговската интеграција, да се овозможи воведување на динамична област за регионални инвестиции, прегу заедничка Агенда за реформа на инвестициите, олеснување на регионалната мобилност и создавање на интегрирана дигитална агенда, во рамки на регионот.

Во 2018 и 2019 година се одвиваше континуирана комуникација со ЕК преку учество на подготвителен скрининг за Поглавјето 20, придонес во подготовката на НПАА Поглавје 20 – Претпријатија и индустриска политика, учество на Подкомитетот за трговија, царина и индустрија, континуирано следење на новите комуникации поврзани со реализација на стратегијата ЕУ 2020, учество во подготовка на Економска програма за реформи, учество во изработката на Годишна национална програма за членство во НАТО, учество во изработкаљ на национална стратегија за Зелен климатски фонд, учество во изработка на стратегија за паметна специјализација и др.

Развојот на политиките на кластеринг во Република Северна Македонија е дел од проактивната индустриска политика, која се стреми кон зголемување на конкурентноста на македонската економија. Кластерите значајно придонесуваат за зголемување на конкурентноста на македонската економија. Во Република Северна Македонија постојат околу триесетина кластери во различни области.

Во 2018 и 2019 година се продолжи со реализацијата на Акциониот план на Проект Формирање на Индустриски и зелени зони. Со овој проект потребно е да се изберат на локално ниво и да се изградат индустриски и зелени зони во кои ќе функционираат зелени индустрии. Тука се опфатени компании за производство на здрава и органска храна, рециклирање, обнова на материјали, менаџирање со отпад и негово третирање, исто како и компании кои транспортираат отпад.Соодветно, тука се вклучени и компании кои се занимаваат со третирање на отпадни води, контрола на загадување на воздух и опрема за третирање на отпад, како и компании кои нудат услуги од областа на следење, мерење и анализа. Зелените индустрии исто така, вклучуваат компании кои произведуваат и инсталираат опрема за обновлива енергија и компании кои развиваат, нудат и користат чисти технологии. Фазите на работа на

Проектот се преточени во Акционен План (АП), со предвидена временска динамика и одговорности по институции. Во 2018 година, се работеше на Предлог измените на Законот за индустриски и зелени зони со кои се предвиде надлежност на Министерството за економија во случаите кога зоните се формирани во облик на Јавно-приватно партнерство.

Во 2018 и 2019 година, се објавени јавни повици за кофинансирање на организирањето на специјализирани обуки – детални и длабински технолошки обуки во преработувачката индустрија и опфатени се повеќе индустриски сектори: автомобилска, металопреработувачка, чевларска, текстилна и прехрамбена индустрија и др.. Во 2019 воведени се и нови специјализарани обуки за воведување на концептот на зазеленување на индустријата и циркуларна економија во преработувачката индустрија.

Во 2018 и 2019 се реализираа повеќе активности поврзани со имплементација на Планот за економски раст, столб 1 и 2 преку Законот за финаискска поддршка на инвестиции.

Во 2018 и 2019 година се продолжи со активности за усогласување со европското законодавство на легислативата за градежните производи. Донесен е нов Закон за градежните производи и нов Правилник за градежните производи согласно законот.

**Развој на општествена одговорност во Република Северна Македонија:**

- ✓ Доставена е Информација за координација на активностите за изработка на Среднорочна Стратегија за општествена одговорност на Република Северна Македонија и усвојување на Среднорочна Стратегија за општествена одговорност на Република Северна Македонија 2019-2023 со Акциски план, до Генерален Секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.
- ✓ Се евидентираа мислења од институции за Среднорочната Стратегија за општествена одговорност на Република Македонија, 2019-2023 со Акциски план, добиени врз основа на барање од Генерален Секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.
- ✓ Се спроведуваат континуирани подготвителни активности за Националната награда за најдобри општествено одговорни практики во 2019 година и објавен е оглас.
- ✓ Континуирано се спроведуваат консултации и средби со Координативното тело за општетствена одговорност на претпријатијата.
- ✓ Се реализираа промотивни активности за резултатите врз основа на Меморандумот за соработка потпишан меѓу УСАИД и Министерство за економија во областа на општествена одговорност на претпријатијата, во рамки на проект Бизнис еко систем, од страна на Паладиум.

- ✓ Се спроведуваат координативни активности за информирање околу спроведување на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор во рамки на надлежностите на Министерството за економија.
- ✓ Континуирано се спроведуваат активности произлезени од членство во Советот за соработка со и развој на граѓански сектор активности на Владата на Република Северна Македонија.
- ✓ Континуирано се анализираат барања од Министерство за правда за мислења за јавен интерес за спонзорства или донации, согласно Законот за донации и спонзорство.
- ✓ Објавен е оглас за поддршка за развивање, одржување и применување на социјално прифатливи практики на деловни субјекти во Р Северна Македонија.
- ✓ Усвојување на Среднорочна стратегија за ОО на РМ
- ✓ Спроведување на активности за реализирање на 12та Национална награда за најдобри ООП
- ✓ Поддршка за развивање, одржување и применување на социјално прифатливи практики на деловни субјекти во Република Северна Македонија.

**Поддршка и развој на туризмот и угосттителтвото:**

- ✓ Меѓународна и билатерална соработка во туризмот;
- ✓ Поставена туристичка сигнализација на територијата на цела држава;
- ✓ Печатење на промотивен материјал
- ✓ Продолжување на проектот за уредување на излозите и рекламите во Старата Скопска Чаршија, Охридска, Битолска и Струшка чаршија и тоа:100 дуќани во Општина Чаир, 11 Центар, 38 Битола и 7 Охрид;
- ✓ Едукација и тренинг обуки во туризмот и угостителството;
- ✓ Одбележување на светскиот ден на туризмот со доделување на признанија за најуспешните од областа на туризмот, 50 фирми добија признанија за успешност;
- ✓ Поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи во Република Северна Македонија во 2018 година се издадени 2061 потврди (ваучери) за работници со ниски приходи во износ од 20.000,00 денари кои се искористени во угостителски објекти (хотели) во целата држава;
- ✓ Финансиска поддршка за бизнис идеи за туризам креирани од студенти на факултетите за туризам;
- ✓ Субвенционирање на 10 општини за изработка на локални стратегии за развој на туризмот, вкупните средства за реализација на проектот се 3.000.000 денари, односно за секоја општина по 300.000 денари.
- ✓ Печатење на промотивни материјали од областа на туризмот;
- ✓ Набавка на мобилна апликација “Visit Macedonia”;

- ✓ Организирање на Меѓународна конференција за Спа, велнес и бањски туризам, Винскиот туризам како и поддршка на зимскиот туризам преку организирање на регионална конференција;
- ✓ Изготвување на Студија за Пештерите во Република Македонија како туристичка атракција;
- ✓ Проект „Планински велосипедски патеки“;
- ✓ Подготовка на Гастрономски водич за Македонија;
- ✓ Усвоена е Националната стратегија за развој

## ПРОГРАМА 2: ОДРЖЛИВО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ(богатсва)

**Развој на енергетиката:**
Донесен нов Закон за енергетика,

Извештај за сигурноста во снабдувањето со природен гас Министерството за економија во јули 2018 изготви и објави Извештај за сигурноста во снабдувањето со природен гас, кој што се доставува до Секретаријатот на Енергетската заедница. Извештај за спроведување на Програмата за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката за периодот 2013–2017 година, со кој се утврди степенот на реализација во 2017 година, во јули 2018 година е изготвен и доставен до Владата како обврска согласно стариот Закон за енергетика.

Донесување на Енергетскиот биланс -Министерството за економија го подготви Енергетскиот биланс. Владата на Република Северна Македонија на 25.12 2018 година го донесе Енергетскиот биланс за 2019 година.

Донесување на подзаконската регулатива:

- ✓ Одлука за националните задолжителни цели за учеството на енергија произведена од обновливи извори во бруто финалната потрошувачка на енергија и за учеството на енергија произведена од обновливи извори во финалната потрошувачка на енергија во транспортот (Службен весник на РМ бр.29/2019),
- ✓ Одлука за вкупната инсталирана моќност на повластените производители на електрична енергија (Службен весник бр.29/2019
- ✓ Уредба за мерките за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија и истата е објавена во Службен весник на Република Македонија бр.29/2019
- ✓ Правилник за обновливи извори на енергија
- ✓ Правилник за методологијата за пресметка на учеството на енергија произведена од обновливи извори во бруто финална потрошувачка на енергија.

Програма за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премии, по добиеното позитивно Решение од Комисијата за заштита на конкуренција се донесе и во месец февруари се објави во Службен весник на Република Македонија бр.29/2019.

Одлука за започнување на тендерска постапка со аукција за доделување на премии за електрична енергија произведена од фотонапонски електроцентрали изградени на земјиште во сопственост на Република Северна Македонија со вкупна инсталирана моќност до 35 MW, и Одлука за започнување на тендерска постапка со аукција за доделување на премии за електрична енергија произведена од фотонапонски електроцентрали изградени на земјиште кое не е во сопственост на Република Северна Македонија или на земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на кое е воспоставено право на користење со вкупна инсталирана моќност до 27 MW.

Во месец јуни беше донесен и Правиникот за обновливи извори на енергија.

Донесена е Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Македонија.

Министерот за економија ги донесе и следните подзаконски акти од областа на електричната енергија кои произлегуваат од новиот Закон за енергетика:

- ✓ Правилник за контрола на квалитетот на електричната енергија,
- ✓ Правилник за изградба на надземни електроенергетски водови со номинален напон од 1 kv до 400 kv и
- ✓ Правилник за заштита во нисконапонските мрежи и припаѓачките трансформаторски станици ,
- ✓ Изјавата за сигурност во снабдувањето со енергија во мај 2019 е доставена до Секретаријатот на Енергетската заедница.

Владата ја донесе и Уредбата за работењето на операторот на организираниот пазар на електрична енергија и за потребните технички, кадровски и финансиски услови што треба да ги исполни.

Донесена е Стратегијата за развој на енергетика во Република Северна Македонија за период до 2040 година.

Владата на Република Северна Македонија во декември 2019 година го донесе Енергетскиот биланс за 2020година.

Предлог Законот за енергетска ефикасност на 08.10.2019 беше усвоен од Владата на Република Северна Македонија и во моментот е во Собраниска процедура.

До ВРСМ се доставени Информацијата во врска со предложените измени на Договорот за основање на енергетска заедница и Информација во врска со работата на работна група за координација и следење на процесот на измените на Договорот за основање на енергетската заедница.Формирана е работна група која беше задолжена за координација и следење на процесот на измените од договорот со која беа одржани повеќе последователни состаноци.

Учество во подготовката на Програмата на економски реформи за период од 2020-2022 година.

Изготвен е Трет годишен извештај според Директивата за енергетска ефикасност е изготвен во текот на 2019 година и истиот е доставен до Секретаријатот на Енергетската заедница со цел исполнување на обврската од Договорот за основање енергетска заедница и негово објавување на веб страната на Секртаријатот на енергетската заедница

Учество во подготовката на Придонесот на Република Северна Македонија кон годишниот извештај на Европската Комисија.

Издадени Уверенија за ракувачи со одделни видови на енергетски уреди и постројки и Овластувања за енергетски контролор.

Издавање на лиценци за вршење на енергетска контрола.

Издадени овластувања за вршење на енергетска контрола

**Програми и проекти**

Програмата за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетската ефикасност во домаќинствата за 2018 година е реализирана и околу 57.000.000, 00 денари се исплатени на барателите кои ги исполнуваат условите предвидени во истата. Програмата за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетската ефикасност во домаќинствата за 2019 година е истотака реализирана и околу 80.000.000, 00 денари се исплатени на барателите кои ги исполнуваат условите предвидени во истата.

**Одржливо искористување на минерални суровини:**

- ✓ Надградба на ГИС-системот во делот на наплата на концесиските надоместоци и негово одржување.
- ✓ Одржување на системот е-концесии за доделување на концесии со електронска аукција.
- ✓ Спроведување на повеќе постапки (тендери) за доделување на концесии за детални геолошки истражувања, за проспекциски геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини.
- ✓ Изработка на Дозволи за детални геолошки истражувања и за експлоатација на минерални суровини.

- ✓ Издавање на Овластувања за изработка на геолошка документација и рударски проекти.
- ✓ Спроведување на стручни испити за полагање за добивање на Лиценци за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања.
- ✓ Законодавна агенда – Се отпочна со изработка на Предлог-Закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини;

  Програмска агенда :
- ✓ 3 – Склучени договори за концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини,
- ✓ издадени 3 - Дозволи за вршење на детални геолошки истражувања на минерални суровини,
- ✓ 13 - Склучени договори на концесии за експлоатација на минерални суровини,
- ✓ издадени 19 - Дозволи за експлоатација на минерални суровини и
- ✓ донесени се 19 Одлуки за еднostран раскин на договори за концесии.
- ✓ Вршење на теренски увиди по поднесени иницијативи за започнување на постапки за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини како и за издавање на дозволи за детални геолошки истражувања;
- ✓ Вршење на теренски увиди по поднесени барања за експлоатација на минерални суровини;
- ✓ Вршење на контрола и надзор над склучените договори за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини;
- ✓ Изработка на барања и информации од областа на минерални суровини и др.

  Јавни повици и набавки :
- ✓ Во овој период беа спроведени 4 Јавни повици за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини и 2 Јавни повика за доделување на концесии за експлоатација на минерални суровини.
- ✓ Беше склучен Договор за услуга за "Одржување на системот е-концесии".

## ПРОГРАМА 3: КРЕИРАЊЕ НА ЕДИНСТВЕН ВНАТРЕШЕН ПАЗАР

Нов- Нацрт Закон за заштита на потрошувачите, Имплементација на Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2018-2019 година, согласно Законот за заштита на потрошувачите , Нов Нацрт - Законот за општа безбедност на производите, Нов Нацрт- Закон за технички прописи и оцена на сообразност, нацрт правилници се:

- ✓ Правилник за електромагнетна компатабилност
- ✓ Правилник за ниско напонска опрема – ЛВД

- ✓ Правилник за опреама под притисок,
- ✓ Правилник за едноставни садови под притисок
- ✓ Правилник за преносилва опрема под притисок,
- ✓ Правилник за PTT опрема
- ✓ Правилник за рекреативни пловила,
- ✓ Правилник за ATEX – потенцијална експозивна атмосфера ,
- ✓ Правилник за лифтови,
- ✓ Правилник за достапност на пазар и контрола на пазар на експолозиви за цивилна употреба
- ✓ Правилник за опрема запаливи под гас

## ПРОГРАМА 4: КРЕИРАЊЕ НА ЕФЕКТИВНА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА

Во 2019 година реализирано е следното:

- ✓ Донесен е Закон за услуги
- ✓ Донесен е Закон за контрола на надворешно-трговскиот промет со необработени дијаманти
- ✓ Изготвен е Предлог на Закон за уредување на трговијата со стоки кои можат да се користат за смртна казна, мачење или друго сурово, нечовечно и понижувачко постапување или казнување
- ✓ Подготвена, донесена и објавена е Листа на стоки и технолгии со двојна употреба согласно Регулативата на ЕУ од 10.10 2018 година
- ✓ Донесен е Правилник за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на марки на производи од тутун и сродни производи и содржината на образецот за запишување во Регистарот на марки на производи од тутун и сродни производи
- ✓ Донесен е Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за издавање лиценца за продажба на алкохолни пијалаци, формата и содржината на образецот на лиценцата за продажба на алкохолни пијалаци и формата, содржината и начинот на водење на Регистарот за издадени и одземени лиценци.
- ✓ Донесена е Одлука за забрана на продажба на одделни нафтени деривати

- ✓ Донесена е Одлука за укинување на увозната давачка-царинската стапка за замрзнато свинско месо и свинско сало исчистено месо и живинско сало, неистопени или поинаку издвоени, свежи, разладени, замрзнати, солени, во саламура, сушени или чадени
- ✓ Донесена е Одлука за укинување, на увозните давачки - царинската стапка за ткаенини од предиво со голема јачина, од најлон или од други полиамиди или од полиестри
- ✓ Донесена е Одлука за намалување на царински стапки за други производи од гума, освен од тврда гума, производи од железо или челик други и изолациони делови за електрични цели од керамички материјали
- ✓ Донесена е нова Одлука за начинот и постапката при распределба на стоки во рамки на тарифни квоти
- ✓ Објавени се Листите на стоки за прво и второ полугодие од 2019 година за кои ќе се користи принципот на распределба „прв дојден, прв корисник“ (first come, first served), од Европската заедница, Република Турција, Украина, Норвешка и Швајцарската конфедерација
- ✓ Објавени се Листите на стоки за 2020 година за кои ќе се користи принципот на распределба „прв дојден, прв корисник“ (first come, first served), од Европската заедница, Република Турција, Украина, Норвешка и Швајцарската конфедерација
- ✓ Објавена е Листа на стоки на царински квоти за 2020 година по Договорот за пристапување кон СТО
- ✓ Подготвен е Правилник за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на марки на проиводи од тутун и сродни производи и содржината на образецот на барањето за запишување во Регистарот на марки на производи од тутун и сродни производи
- ✓ Подготвен е Правилник за формата и содржината на барањето за запишување во Регистарот на производители на производи од тутун и сродни производи, потребните докази и документација и условите за производство кои треба да ги исполнуваат производителите на производи од тутун и сродни производи во поглед на инсталирана опрема, лабораторија за анализа и контрола на квалитетот на тутунските производи и соодветен простор за сместување на тутун и производи од тутун и сродни производи
- ✓ Подготвен е Правилник за условите за упис во регистерот на извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи
- ✓ Подготвен е Правилник за формата и содржината на барањето за запишување во регистарот на извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи и потребните докази и документација
- ✓ Подготвен е Правилник за формата и содржината на образецот на месечниот извештај за сертификатите поднесени за заверка при увоз

- ✓ Подготвен е Правилник за формата и содржината на образецот на месечниот извештај за издадените и заверени сертификати при извоз
- ✓ Подготвен е Правилник за формата и содржината на образецот на сертификатот за извоз на необработени дијаманти
- ✓ Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за издавање сертификат за извоз на необработени дијаманти
- ✓ Спроведена е втората ревизија на трговската политика на Република Северна Македонија во Светската трговска организација
- ✓ Учество во подготовката на извештајот на Секретаријатот на СТО за втората ревизија на трговската политика на Република Северна Македонија во СТО (WT/TPR/S/390)
- ✓ Подготвен е извештајот за втората ревизија на трговската политика на Република Северна Македонија во СТО (WT/TPR/G/390)
- ✓ Подготвени се и доставени се одговори на прашањата од Европската унија, Исланд, Канада, Јапонија, Кина, Бразил, Украина, САД, Кореја, Црна Гора, Аргентина, Руската федерација, Молдова и Турција,
- ✓ Финализирани се преговорите за склучување на Дополнителен протокол 6 за трговија со услуги
- ✓ Усвоен е текстот на ЦЕФТА Дополнителниот Протокол 6 за трговија со услуги од страна на Мешовитиот Комитет на ЦЕФТА
- ✓ Усвоена е Одлуката за АЕО од страна на Мешовитиот Комитет на ЦЕФТА
- ✓ Усвоена е Препорака 1/2019 од страна на Мешовитиот Комитет на ЦЕФТА за Стратегијата за царинско менаџирање со ризици во ЦЕФТА
- ✓ Ратификувана Одлука 3/2015 на Мешовитиот Комитет на ЦЕФТА во врска со Анекс 4 на ЦЕФТА Протоколот во врска со дефиницијата на концептот на производи со потекло и методи на административна соработка
- ✓ Парафиран е Договорот за економска соработка со Босна и Херцеговина - следи негово потпишување и ратификација
- ✓ Продолжени се преговорите за пристапување кон СТО Спогодбата за јавни набавки (учество на редовните состаноци на Комитетот за јавни набавки на СТО и по пат на билатерални преговори со претставници на ЕУ, САД Канада, Јапонија и и Украина)
- ✓ Приклучување кон Заедничката изјава за електронска трговија на Светскиот економски форум во Давос во јануари 2019 година, за поддршка на иницијативата за започнување на СТО преговори за трговските аспекти на е-трговијата.

- ✓ Поддржан е предлогот во врска со работниот текст за членот VI:4 од ГАТС со кој се разработуваат дисциплини за домашна регулатива во услугите, како дел од иницијативите во СТО за добра регулаторна пракса во трговијата со услуги.
- ✓ Продолжени се преговори за измена на Договорот за слободна трговија помеѓу Република Македонија и Украина за натамошна либерализација на трговијата со земјоделско прехранбени производи
- ✓ Отпочнати се преговори за склучување на Договор за вземно признавање на професионалните квалификации во рамките на ЦЕФТА
- ✓ Одржана е Првата седница на македонско – бугарската меѓувладина Комисија за економска соработка
- ✓ Одржана е Втора седница на Мешовитиот комитет по билатералниот Договор за економска и индустриска соработка во примена помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Чешката Република
- ✓ Одржани се третиот и четвртиот состанок на Национален комитет за олеснување на трговијата
- ✓ Имплементација на Спогодбата за олеснување на трговијата во рамки на Светската трговска организација
- ✓ Учество во работната група за водење на преговори за склучување на Договор за трговија со Обединетото кралство по излегувањето од ЕУ (БРЕГЗИТ)
- ✓ Имплементација на Законот за трговија
- ✓ Имплементација на Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба
- ✓ Имплементација на Законот за тутун и тутунски производи
- ✓ Имплементација на Законот за електронска трговија
- ✓ Имплементација на Договорите за слободна трговија

## ОСВРТ НА ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2020 ГОДИНА

## ПРОГРАМА 1: ПОДОБРУВАЊЕ НА ДЕЛОВНАТА КЛИМА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА

**Поддршка и развој на мали и средни претпријатија:**

- ➢ Имплементација на Стратегијата за МСП и Стратегијата за женско претприемништво преку реализација на предвидените мерки во акционите планови и нивно вградување во годишната програма,
- ➢ Финансиска поддршка за МСП преку кофинансирање на трошоци за набавка на опрема и алати, (ќе се поддржат 50 компании)
- ➢ Финансиска поддршка за подобрување на вредносните синџири ќе се поддржат 7 компании.
- ➢ Кофинансирање на трошоци за воспоставување на Фаб Лабови или т.н. Лабаратории за фабрикување (ќе се кофинансираат 1-2 Фаб Лабови)

- Кофинансирање на проекти на фондации и здруженија на граѓани за развој и поддршка на МСП и претприемништво ( ќе се поддржат 10 проекти),
- Подобрување на конкурентноста на МСП преку воведување и сертификација на системи за квалитет -ИСО, ХАЛАЛ (ќе се поддржат 20 компании);
- Финансиска поддршка на ММСП за учество на саеми ( ќе се поддржат 15 компании),
- Финансиска поддршка за женско претприемништво (ќе се поддржат 25 компании).
- Поддршка на инфраструктурата за развој и промоција на занаетчиството преку кофинансирање на проекти на занаетчиските комори (ќе се поддржат 7 проекти)
- Субвенционирање на трошоци на занаетчии за набавка на опрема и алати , уредување на деловен простор и за ангажирање на чираци (ќе се поддржат 35 занаетчии);
- Кофинансирање на дел од трошоците на претпријатија за купување на опрема, инструменти, алат кои ќе послужат и ќе се користат исклучиво за обука, настава на лица за стекнување на вештини и квалификации ( ќе се поддржат 8 компании )
- Кофинансирање на дел од трошоците за едукација на вработените лица во ММСП ( ќе се поддржат 10 компании )
- Ќе се изготви Студија за предлог-оддржлив модел за услуги за деловен развој за ММСП преку спроведување на постапка за јавна набавка.

**Развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија:**
Во 2020 година се очекува да се имплементира Индустриската стратегија 2018-2027 и Акцискиот план.
Имплементацијата ќе се реализира преку зголемување на мерки во рамки на Програма за конкурентност, иновации и претприемништво, во делот за индустриската политика, како и имплементација на многу нови проекти, кои ќе придонесат кон подобрена и поефикасна поддршка на бизнис секторот, посебно делот на преработувачката индустрија, пред се со имплементација на Законот за финансиска поддршка на инвестиции и Среднорочната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој..
Со имплементација на Индустриската стратегија на Република Северна Македонија се придонесува кон поттикнување, поддршка, создавање и развивање на конкурентна домашна индустрија, подготвена за настап на глобалниот пазар, базирана на знаење, иновации и соработка меѓу актерите на индустрискиот развој, која долгорочно ќе се обезбеди стабилен развој на земјата врз основа на диверсификација и модернизација на економијата со креирање на услови за производство на конкурентни производи, зголемување на вработеноста и пораст на извозот.

Во 2020 година ќе продолжи да функционира веб порталот конкурентност.мк, со цел да се збогати базата на информации кои се нудат и да се овозможи поголема промоција и информираност на бизнис секторот за мерките и проектите за поддршка на конкурентноста преку сите владини програми, разни донатори и европски фондови.

Со воспоставување на систем за мониторинг и евалуација, ќе се премине во понапредна фаза на следење и креирање на политиките, базирани на анализи и факти.

Во 2020 ќе продолжи активното учество во имплементација на Акцискиот план од Стратегијата за иновации, Стратегијата за регионален развој и Стратегијата за конкурентност. Исто така Министерството за економија се вклучува и во изработка и имплементација и на други стратешки документи кои се поврзани со економскиот развој, меѓу кои и Стратегијата за паметна специјализација. Во 2020 година ќе се преземат поголеми активности во процесот на развивање стратегија за паметна специјализација, преку квалитативна анализа на одбраните сектори по мапирањето на економските, иновативните и истражувачките капацитети. Исто така, ќе отпочне процесот на претприемничко откритие (Entreprenurial disciovery process) со што ќе се овозможи поголема консултација со бизнис секторот за идните потенцијализа паметна специјалзација на Република Северна Македонија.

Во 2020 година беше реализирано учество во изработката на прва стратегија за национални индикатори, поддржана од страна на ОН за глобалните развони цели, а во 2020 ќе продолжи активното учество во работните групи.

Во 2020 година ке продолжи имплементацијата на Стратегијата на Југоисточна Европа 2020 во рамки на Советот за регионална соработка и Комитетот за инвестиции на ЈИЕ, а се очекува и подготовка на нов акциски план, како и рестратирање на работната група за индустриска политика.

Во 2020 година ќе продолжи активната соработка со проекти од донатори поврзани со индустриска политика и развој на приватен сектор (Светска Банка, ОЕЦД, ОН, JICA, ГИЗ, ЕК и др.

Во 2020 ќе продолжиат активностите поврзани со НПАА Поглавје 20 Претпријатија и индустриска политика, учество на Подкомитет за трговија, царина и индустрија, учество во изработка на стратешки документи како ЕРП – Програма за економски реформи и др.

Во 2020 година ќе продолжат активностите за развој на проактивна политика на поддршка на развојот на кластерите. Ќе се поддржат активностите за унапредување на работата на постојните кластери и формирање на нови. Очекувани резултати од интервенцијата во оваа област се: Имплементацијата на мерките во кластерингот и мрежното поврзување ќе придонесат за подобрување на разбирањето на позитивните ефекти од кластерингот и мрежното поврзување за македонската индустрија; Владината поддршка на кластерингот и мрежното поврзување ќе се појави низ јавно-приватниот дијалог, кој ќе биде корисен за јавниот и приватниот сектор за подобро да се надминат предизвиците за соработката; Имплементацијата на мерките на политиките (поддржани од Владата, како и другите

донатори, ЕУ програми и фондови) ќе придонесе за создавање кластери како основа за нивен понатамошен развој на кластери базирани на иновации.
Во 2020 година, ќе се обезбеди континуитет во имплементација на Националната Програма за реструктурирање на челичната индустрија на Република Северна Македонија и Индивидуалните бизнис планови, и Одделението за инвестиции ќе продолжи со истата практика која беше остварувана и во претходниот период. По барање на Европската Комисија ќе се подготви Информација за процесот на имплементација на НПР во 2018 година и ќе се упати до ЕК како материјал за информирање. Во рамки на Известувањето кон Европската Комисија во 2020 година, ќе продолжи информирањето во врска со заштитните мерки за челичната индустрија, антидампинг мерките и реакциите на македонските компании кон истите..
Во 2020 година се планира повторно да се организираат специјализирани обуки – детални и длабински технолошки обуки во преработувачката индустрија и повеќе индустриски сектори од Програма за конкурентност, иновации и претприемништво 2020 година.
Согласно Законот за градежните производи, а со цел да се поттикне квалитетно и безбедно производство на градежните производи предвидени се повеќе форми на државна помош во областа на градежништвото. Лабораториското испитување, со издавање на сертификат за исправен производ, ќе го вршат именувани и акредитирани тела на пазарот на Република Северна Македонија. Со овој процес ќе се отпочне имплементација на Законот.
Законотза финансиска поддршка на инвестиции, во 2020 година имаше две измени и дополнувања, како и измена на Правилникот.
Со поддршка од регионален Проект на ГИЗ за Поглавје 20, се отпочнаа активности за зајакнување на институционалниот капацитет за мониторинг и евалуација на програмите и политките поврзанио со индустриска политика.
Планирано е во 2020 година да отпочне процесот на развивање стратегија за извозна промоција.

**Развој на општествена одговорност во Република Северна Македонија:**

- Подготовка на Информација за ВРМ за спроведување на Стратегијата за општествена одговорност на Република Македонија 2019-2023
- Промоција на Среднорочна стратегија за ОО на РМ;
- Спроведување на активности за реализирање на 13та Национална награда за најдобри ООП;
- Активности во врска со Програмата за конкурентност и иновации во делот Г

**Поддршка и развој на туризмот и угостителтвото:**

- Министерството за економија во 2018 година со предвидените мерки во својата програма ќе даде особен придонес за развој на туризмот,
- Дел од мерките од програмата се објавени и се во постапка на евалуација или во завршна фаза. Дел од истите се реализирани и тоа:
- Субвенции за туристички манифестации, проекти и форуми од областа на туризмот;
- Финансиска поддршка за бизнис идеи за туризам креирани од студенти на факултетите за туризам;
- Субвенционирање на десет општини за изработка на локални стратегии за развој на туризмот;
- Печатење на промотивни материјали од областа на туризмот;
- Изготвување на Студии за Вински и Спа туризам во Република Македонија како туристичка атракција;
- Меѓународна и билатерална соработка во туризмот;
- Субвенции за туристички цели на селски домаќинства;
- Подготовка на 3 подстратегии за туризам Рурален / Културен / Активен;
- Програмата за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи во Република Северна Македонија за 2019 година истотака е во постапка на реализација;
- Со реализирањето на предвидените активности за 2019 година, туризмот во Република Северна Македонија бележи значително подобрување што се потврдува и од податоците добиени од Народната Банка на Република Северна Македонија и Државниот завод за статистика, со тоа што вкупниот број на странски туристички посети и ноќевања во периодот јануари – мај 2019 година во однос на претходната година се зголемени во просек за 1%, додека вкупниот туристички промет е зголемен за 10,11% како резултат на политиката на субвенционирање и намалување на ДДВ за услугите за ноќевање, ноќевање со појадок, полупансион и пансион.
- Уште позначајно е што се зголемува и стапката на вработеност во оваа стопанска гранка. Минатата 2018 година во земјата биле вработени 8.500 лица во туризмот, што претставува 1,2 проценти од вкупниот број вработени во земјава. Но, според проценките на споменатиот Светски совет за патување и туризам, годинава бројот на вработени во овој значаен сектор ќе достигне 10.000, а тоа ќе претставува и зголемување на учеството во БДП од 1,9 проценти. Заедно со дејностите коишто се поврзани со туризмот, во Македонија се вработени уште 31.000 лица, а тоа е веќе 4,5% проценти од вкупниот број евидентирани лица коишто работеле во 2018 година. Проекциите укажуваат дека годинава и оваа бројка ќе претрпи зголемување и ќе достигне 32.500 лица, коишто ќе бидат работно ангажирани во овој сектор, со очекувања дека до 2024 година тие ќе се искачат до 40.000.

- Бројот на странските туристи во Македонија изминативе осум години е двојно зголемен, односно 98%, а вкупниот број на туристи забележува раст од 40%.
- Уште позначајно е што се зголемува и стапката на вработеност во оваа стопанска гранка во Република Северна Македонија.
- Сето ова се должи на сетот мерки кои се преземаат од неколку институции, меѓу кои Министерството за економија е креатор на политиките во туристичкиот сектор.
- Организирање на на Меѓународна конференција за туризам;
- Подготовка на „БРЕНД СТРАТЕГИЈА" за туризам;
- Обезбедување на податоци од областа на туризмот и подготовка на модел за проекција на идни показатели;

**ПРОГРАМА 2: ОДРЖЛИВО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ (богатства)**

**Одржлив развој на енергетиката:**

- Донесување на Стратегија за развој на енергетика за период до 2040 година,
- Имплементација на обврските од Повелбата за одржливост на шесте земји од Западен Балкан и Меморандумот за разбирање за воспоставување на организиран пазар на електрична енергија кај шесте земји од Западен Балкан,
- Натамошна имплементација на обврските коишто произлегуваат од Иницијативата берлинскиот процес (меки Мерки),
- Подготовка на Програмата за реализација на стратегијата за развој на енергетиката до 2040 година
- Формирање на Берза со електрична енергија и спојување со оргагнизиран пазар ден-однапред со Република Бугарија,
- Донесување на нов Закон за енергетска ефикасност со кој ќе се транспонира Директивата 2012/27/ЕУ
- Донесување на нов Закон за енергетска ефикасност со кој ќе се транспонираат Директивата 2012/27/EU за енергетска ефикасност и Директивата 2010/31/ЕС за енергетски карактеристики на зградите
- Подготвителни активности за изработка на Национален интегриран план за енергија и клима (NECP)
- Донесување на Четвртиот Акционен план за енергетска ефикасност за 2019, 2020 и 2021 година
- Донесување на Уредба со која се усвојуваат целите за енергетска ефикасност
- Донесување на План за реконструкција на згради кои ги користат лицата од јавниот сектор на државно ниво
- Донесување на Уредба со која се утврдува Облигационата шема за енергетска ефикасност
- Донесување на Уредба со која подетално се уредуваат договорите за енергетски услуги

- Донесување на Уредба со која се пропишуваат постапките, генеричките и специфичните барања за еко дизајнот, внатрешната контрола и системите за оцена на сообразност, поблиските барања кои треба да ги исполнат трговците, снабдувачите и увозниците на производи што користат енергија во врска со еко дизајнот, како и динамиката и роковите за примената на барањата за еко дизајн на производите што користат енергија
- Донесување на Правилник со кој детално се пропишува содржината и формата на програмите за енергетска ефикасност кои ги донесуваат единиците на локалната самоуправа, начинот на изработка, содржината и формата на годишниот план кои ги донесуваат единиците на локалната самоуправа
- Донесување на Правилник за информациски систем за следење и управување со потрошувачката на енергија кај лицата од јавниот сектор
- Донесување на Правилник за МВП
- Донесување на Правилник со кој се пропишуваат најниските прифатливи класи на енергетска ефикасност на производите што користат енергија и кои се предмет на енергетско означување, методологија за утврдување на нивото на енергетска ефикасност за производите кои не се предмет на енергетско означување и најниската класа на енергетска ефикасност на зградите и градежните единици
- Донесување на Правилник за енергетска контрола на големите трговци
- Донесување на Тарифник во врска со енергетските контроли на големи трговци
- Донесување на Тарифник во врска со енергетските контроли на згради
- Донесување на Правилник за ВЕКП
- Донесување на Правилник за енергетски карактеристики на зградите
- Донесување на Правилник за енергетска контрола на згради
- Донесување на Правилник со кој подетално се уредуваат постапките за воспоставување и функционирање на системот за верификација, како и начинот на водење на регистарот на сертификатите за енергетски карактеристики на зградите
- Донесување на Правилник за означување на потрошувачката на енергија и другите ресурси за производите што користат енергија
- Подготвка и објавување на список на зградите со вкупна корисна подна површина над 250m2 кои не ги исполнуваат минималните барања за енергетски карактеристики, кои се во сопственост и се користат од страна на лицата од јавниот сектор на државно ниво
- Подготовка на Типологија за згради

- Активно учество во Проектот за „Создавање услови за имплементација на ЕСКО проекти“ кој е финансиран од Регионалната програма за енергетска ефикасност (РЕЕП), и има за цел да ги поддржи проектите за енергетска ефикасност и тоа за улично осветлување и малите дистрибутивни системи за греење во општините.
- Дополнителни активности во врска со подготовка на Energy Audit за ЕЕ и ЕСКО финансирање во објектот на Министерството за економија преку проектот Создавање услови за имплементација на ЕСКО проекти“
- Отпочнување на постапка за доделување на Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за реновирање на објектот на Министерството за економија со примена на ЕСКО
- Активно учество во Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор, кој е дел од новата четиригодишна Стратегија на Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка за партнерство со земјата за периодот 2019 – 2023 година
- Изработка на Национален интегриран план за енергија и клима (NECP)
- Донесување на Четвртиот Акционен план за енергетска ефикасност за период од три години
- Изработка на Законот за биогорива во кој се транспонираат одредби за биогорива од Директивата 2009/28
- Донесување на Уредба за критериуми и постапка за доделување на овластување за изградба на директен вод на територијата на Република Северна Македонија.
- Донесување Уредба за квалитет на течните горива
- Донесување Уредба за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба
- Донесување Правилник за формата и содржината на барањето за издавање на овластување за изградба на нови или проширување на постојни објекти за производство на електрична енергија, комбинирано производство на електрична и топлинска енергија или производство на топлинска енергија
- Донесување на Правилник за енергетски биланси и енергетска статистика
- Донесување Правилник за нивото и начинот на пресметка на оперативните резерви од нафтени деривати и горива за транспорт
- Донесување на Правилник за условите за евидентирање на количините и потребниот капацитет на објектите за складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива или горива за транспорт
- Донесување Правилник за технички спецификации за спецификации кои опремата и системите за ОИЕ мора да ги исполнуваат
- Донесување Правилник за лиценцирање на инсталатери
- Донесување на Правилник за програмата и постапката за полагање испит за стручна оспособеност на ракувачи со енергетски уреди и постројки

- Подготовка и донесување на Енергетски биланс
- Донесување на Програма за ранливи потрошувачи на енергија
- Спроведување на Програма за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2020 година
- Спроведување на тендерска постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија
- Спроведување на електронско полагање на испити за ракувачи со одделни видови на енергетски уреди и постројки
- Спроведување на електронско полагање на испити за енергетски контролори
- Издавање на овластувања за енергетски контролори и издавање на лиценци за вршење на енергетска контрола
- Издавање на Уверенија за положен испит за ракувачи со одделни видови на енергетски уреди и постројки
- Следење на реализација на Договорите за концесија за производство на елејтрична енергија од мали хидро централи.

**Одржливо искористување на минерални суровини:**

- Доделување на концесии за детални геолошки истражувања со цел добивање на подетални податоци на просторите со минерални суровини;
- Доделување на концесии за вршење на проспекциски геолошки истражувања на минерални суровини со цел за дефинирање на одредени простори за нивно детално геолошко истражување;
- Доделување на концесии за експлоатација на минерални суровини со цел отварање на нови рудници (површински и подземни) и ставање во нивна функција;
- Одржување на системот е-концесии за доделување на концесии со електронска аукција;
- Одржување на ГИС системот,
- Ангажирање на консултанти и експерти за вршење на експертизи и давање на стручни мислења од областа на геологијата и рударството;
- Ангажирање на консултантски услуги за изработка на технички нормативи кои произлегуваат од законската регулатива од областа на минералните суровини;
- Ангажирање на консултантски услуги за изработка на Проектна задача за изработка на Стратегија за минералните суровини во Република Северна Македонија;

- Доделување на лиценци за изработка на геолошка документација и рударски проекти ке продолжи по електронски пат;
- Доделување на лиценци за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација и преработка на минерални суровини од соодветната рударска област;
- Издавање на Овластувања за изработка на геолошка документација и за изработка на рударски проекти;
- Измени и дополнувања на Законот за минерални суровини и
- Изработка на подзаконски акти кои ке произлезат од Законот за минерални суровини.

## ПРОГРАМА 3: КРЕИРАЊЕ НА ЕДИНСТВЕН ВНАТРЕШЕН ПАЗАР

- Донесување на измени и дополнувања на законските прописи;
- Континуирано унапредување на процесот на усогласување на националното техничко законодавство со транспонирање на ЕУ директиви од Новиот и Стариот приод и измени на Директивата за општата безбедност на производите со цел обезбедување слободно движење на македонските производи на единствениот Европски пазар;
- Донесување на подзаконски акти (правилници) врз основа на Законот за возила;
- Да се донесат и другите закони и подзаконски акти.Закони и подзаконски акти.

## ПРОГРАМА 4: КРЕИРАЊЕ НА ЕФЕКТИВНА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА

- Имплементација на СТО- Спогодбата за олеснување на трговијата
- Имплементација на:Регионален Дополнителен протокол 5 за олеснување на трговијата
- Имплементација на Дополнителен протокол 6 за трговија со услуги
- Спроведување на преговори за меѓусебно признавање на професионалните квалификации
- Отпочнување на преговори во ЦЕФТАза механизмите за решавање на спорови во ЦЕФТА
- Склучување на Договорот за трговска и економска соработка со Босна и Херцеговина и негова ратификација
- Пристапување кон СТО Спогодбата за јавни набавки
- Спроведување на повеќегодишниот акциски план за создавање на Регионална економска област
- Имплементација на Протоколот 2 од Договорот за слободна трговија меѓу Република Северна Македонија и Република Турција,

- Спроведување на преговорите за либерализација на трговијата со земјоделско-прехранбени производи со Украина
- Измени на Договорот за слободна трговија со Украина согласно спроведените преговори за либерализација на трговијата со земјоделско-прехранбени производи со Украина
- Понатамошно зајакнување на економската и трговската соработка, со земјите од регионот согласно Стратегијата ЈИЕ 2020
- Продолжување со имплементацијата на Договорите за слободна трговија со ЕУ, ЕФТА државите, Украина и Турција
- Склучување на договори за трговска и економска соработка и имплементација на постојните договори за економска и трговска соработка и одржување на мешовити комисии по договорите
- Имплементација на извозната контрола на стоки и технологии со двојна употреба
- Имплементација на Законот за трговија, Законот за тутун и тутунски производи и Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба (издавање на лиценци за продажба на алкохолни пијалоци, дозволи за извоз на стоки и технологии со двојна употреба, решенија за упис во регистрите)
- Имплементација на Закон за услуги
- Донесување и имплементација на Акциски план за усогласување на националното законодавство со Законот за услуги
- Донесување на подзаконските акти по Законот за контрола на надворешно трговскиот промет со необработени дијаманти
- Донесување на подзаконските акти по Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи
- Донесување на Законот за надворешна трговија со стоки и услуги кои можат да се користат за смртна казна, мачење или друго сурово, нечовечно и понижувачко постапување или казнување
- Донесување на Закон за изменување и доплнување на Законот за контрола на извоз на стоки и технологии сдо двојна употреба
- Донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија
- Донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за електронска трговија
- Изменување на Протоколот Б кон Договорот за слободна трговија меѓу ЕФТА државите и Република Македонија кој се однесува на дефинирање на концептот “производи со потекло и методи на административна соработка”, измена на Договорот за земјоделски производи со Швајцарската Конфедерација, измена на Протоколот за земјоделство со Кралството Норвешка и измена на Протоколот за земјоделство со Исланд

# П Р О Г Р А М И

Министерството за економија во периодот 2020-2022 ќе ги реализира следниве вертикални и хоризонтални програми со мерки и активности кои се во функција на остварување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија и приоритетите и целите на Министерството за економија.
Во Стратешкиот план за работа на Министерството за економија креирани се следниве стратешки програми:

I. ПОДОБРУВАЊЕ НА ДЕЛОВНАТА КЛИМА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА

II. ОДРЖЛИВО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ (богатства)

III. КРЕИРАЊЕ НА ЕДИНСТВЕН ВНАТРЕШЕН ПАЗАР

IV. КРЕИРАЊЕ НА ЕФЕКТИВНА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА

# П Л А Н О В И З А С П Р О В Е Д У В А Њ Е Н А П Р О Г Р А М И Т Е

| А: ОПРАВДАНОСТ И ДИЗАЈН НА ПРОГРАМА 1 |
|---|
| **Образложение:** ПРОГРАМАТА ПОДОБРУВАЊЕ НА ДЕЛОВНАТА КЛИМА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА **произлегува од:**<br>1. **Стратешкиот приоритет на Владата на РСМ** содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2020 година: развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните, Успешно водење на пристапни преговори со ЕУ, односно приоретната цел: поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните претпријатија, отворање на нови работни места со активни мерки за вработување и зголемување на нивото на платите во економијата; создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, социјалните партнери, заштита на работничките права, недискриминација, зголемена ефикасност, транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава; Развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија,унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност, |
| 2. НПАА :<br>Поглавје 20-Претпријатија и индустриска политика<br>Поглавје 20; Сектор: Туризам и угостителство; Тема: Туризмот како дел од индустриската политика |
| 3. **Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа**:<br>**Поволно деловно окружување:**<br>Поддршка на домашните претпријатија, пред сè на малите и средните претпријатија, отворање на нови работни места со активни мерки за вработување и зголемување на нивото на платите во економијата<br>Зголемување и подобрување на можноста за раст на мали и средни претпријатија(МСП)<br>Динамичен екосистем на претприемништво и иновации<br>Конкурентни МСП како двигатели на инклузивниот економски раст<br>Зајакнат меѓуинститиционален дијалог во функција на креирањето на политиките, мерките и активностите за индустриската политика<br>Унапредување на капацитетот и конкурентноста на кластерите и нивните членки, нивно меѓународно поврзување, унапредување на знаењата базирани на високи технологии, истражување и развој, извозно ориентирани стратегии и модел базиран на индустријализација |

Унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност

**Развој на туризмот и угосттителтвото во Република Северна Македонија**

Подобрување на конкурентноста на туристичката понуда во земјата преку креирање на поволна бизнис клима и зголемена валоризација на културните и природните богатства

Зголемување на бројот на домашни и странски туристи, раст на приходите од туризмот, со крајна цел зголемено учество на туризмот во вкупниот БДП на земјата.

Зголемување на туристичката понуда и градење на препознатлив туристички имиџ со воведување на светски стандарди во туристичко-угостителските услуги.

Унапредување на меѓународната туристичка соработка

Поддршка на туристичките дестинации надвор од туристичка сезона

Конкурентна бизнис клима за раст на бројот на мали и средни претпријатија и нови работни места од областа на туризмот и угостителството

Натамошен развој на активниот туризам како потенцијал за силен локален економски развој.

**Цел на Програмата:** Обезбедување на економски развој и раст на македонското стопанство, зголемување на вработеноста преку создавање поттикнувачка клима за отворање на нови и јакнење на постојните микро, мали и средни претпријатија, како и имплементација на интегрирана индустриска политика која води кон раст, развој и иновации, конкурентна бизнис клима за раст на бројот на мали и средни претпријатија и нови работни места од областа на туризмот и угостителството

**Показатели за успех на Програмата:** Бројот на поддржани на мали и средни претпријатија, бројот на изадедни сертификати за квалитет, бројот на поддржани субјекти од преработувачката индустрија, бројот на поддржани кластерски здруженија,зголемен број на домашни туристи. Бројот на поддржани претпријатија управувани од жени, на занаетчии, издадени сертификати за квалитет (Халал, ИСО) на фирми управувани од жени, бројот на поддржани апликаци поднесеи од жени во секторот туризам и угостителство и др.

Програмата е: **x** **Хоризонтална** Вертикална

**Потпрограми (компоненти) од Програмата: 4 Потпрограми**

| | |
|---|---|
| **Потпрограма 1:**<br>**ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА** | **Показател за успешност:**<br>Број на издадени сертификати за квалитет (халал, исо,)<br>Број на поддржани МСП управувани од жени<br>Број на поддржани занаетчии<br>Број на поддржани МСП<br>Број на поддржани институции за поддршка на МСП и на занаетчии |

| | |
|---|---|
| | (бизнис центри, бизнис инкубатори, занаетчиски комори, мрежи на бизнис ангели, фондации и здруженија на граѓани ) |
| **Потпрограма 2:**<br>РАЗВОЈ И ПОДОБРУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА МАКЕДОНСКАТА ИНДУСТРИЈА | **Показател за успешност:**<br>Број на претпријатија кои добиле поддршка од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво во делот на имплементација на индустриска политика<br>Број на поддржани кластери<br>Број на учесници на специјализираните обуки<br>Бројот на реализирани проекти за јакнење на кластерите |
| **Потпрограма 3:**<br>ИНВЕСТИЦИИ И ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ | **Показател за успешност:**<br>Зголемен број на компании кои аплицирале за годишна Национал награда за најдобри општествено одговорни практики<br>Број на реализирани мерки и препораки од Акцискиот план за 20 2023 година на Среднорочна стратегија за ОО на РМ<br>Број на поддржани деловни субјекти за воведување и сертификација на систем за општествена одговорност на претпријатието, стандардите за ОО.<br>Број претпријатија управувани од жени добитници на награда за општествено одговорни практики. |
| **Потпрограма4:**<br>ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ И УГОСТТИТЕЛТВОТО | **Показател за успешност:**<br>Зголемен број на домашни туристи,<br>Зголемувавање на стапката на вработеност во оваа стопанска гранка<br>Бројот на поддржани апликаци поднесеи од жени<br>Поддршка на туристичките дестинации(угостителите)надвор од туристичка сезона<br>Зголемување на учеството во БДП |

| **Б: План за спроведување на програмата** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Потпрограма 1:** ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА | | | | | | |
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | |
| | | | **Почеток (месец/год** | **Крај (месец/год** | **Човечки** | **Финансиски (МКД)** |

| | | | | | I год. | II г | III | I год. | II г | III |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија** | МЕ/Сектор за МСП | ЗКРМ<br>-Регионални комори | Јануари /2020 | Декември /2022 | Постојни вработени | | | 14.000.000,00 | | |
| **2.Финансиска поддршка за подобрување на вредносните синџири** | МЕ/Сектор за МСП | Комори<br>- Фондации, Здруженија на граѓани | Јануари /2020 | Декември /2022 | Постојни вработени | | | 1.500.000,00 | | |
